Бр. 14-974/4
20.08.2015
Б и т о л а

Врз основа на член 52 алинеа 33 во врска со член 136 од Законот за високото образование и член 35 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 134-та седница одржана на ден 20.08.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр.401 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, за избор на наставник од областите ***Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство*** на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола и во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Илија Јолевски,*** за време од пет години.
2. Правата и обврските од работниот однос *д-р* Илија Јолевски ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола.
3. Оваа Одлука влегува во сила и се применува со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Иницијатива за предвремен избор во повисоко звање на вон. проф. д-р Илија Јолевски достави Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, до Универзитетскиот сенат, во смисла на член 34 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Ваквата Иницијатива беше усвоена од страна на Универзитетскиот сенат со Одлука Бр.14-460/7-1 од 15.04.2015 година.

Универзитетот распиша Конкурс за избор на наставник од областите *Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство,* кој го објави во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 22.04.2015 година.

На Конкурсот се пријави само кандидатот вон. проф. д-р Илија Јолевски.

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на својата седница одржана на ден 07.05.2015 година, со Одлука бр. 02-247/4, формира Рецензиона комисија за избор на наставник од областите *Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство*, во состав: д-р Драган Михајлов - редовен професор, д-р Пеце Митревски - редовен професор и д-р Александар Маркоски - редовен професор.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од областите *Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство*, кој беше објавен во Билтенот Бр. 401 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да го избере д-р Илија Јолевски за наставник од областите *Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство*, во звањето редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 33, во врска со член 125 и 136 од Законот за високото образование и член 34 и 35 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетскиот сенат, на 134-та седница одржана на ден 20.08.2015 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и го избра д-р Илија Јолевски во звањето редовен професор од областите *Програмски јазици и технологии, Програмски јазици и системи, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) и Софтверско инженерство*, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со член 134 став 1 од Законот за високото образование, д-р Илија Јолевски е избран во звањето редовен професор за време од пет години.

Оваа Одлука влегува во сила и се применува со денот на донесувањето, бидејќи изборот на д-р Илија Јолевски во звањето редовен професор е предвремен избор во повисоко звање.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

Универзитет „Св. Климент Охридски“ Република Македонија

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**